Neni 6

Neni 32 ndryshohet si vijon:

„Tregtari eshte i obliguar që gjate importit të mallrave, organeve kompetente për inspektim, para procedures për doganim t'u dorezoje deshmi se jane plotesuar kushtet e percaktuara për cilesine e mallrave, cilesite fiziko-kimike dhe organoleptike, cilesite bakteriologjike, sasine, paketimin, si dhe kushtet për transport të mallit lidhur me mjetin transportues dhe menyren e transportimit në pajtim me ligjin."

Neni 7

Neni 33 shlyhet.

Neni 8

Në nenin 34 paragrafi 1 alineja 1 ndryshohet si vijon:

"- mbrojtja e jetes dhe shendetit të njerezve, kafsheve dhe bimeve,".

Alinete 3, 5, 6 dhe 7 shlyhen.

Neni 9

Dispozitat e nenit 1 paragrafi 2, që kane të bejne me nenin 23-a paragrafi 8 dhe nenit 2 paragrafi 3, që ka të beje me nenin 23-b paragrafi 3 të ketij ligji, do të shfuqizohen pas aderimit të Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian.

Dispozitat e nenit 6, që kane të bejne me nenin 32 të ketij ligji, do të shfuqizohen pas aderimit të Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian.

Neni 10

Dispozitat e neneve 4, 5 dhe 7 të ketij ligji do të zbatohen pas aderimit të Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian.

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**3315.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минералните суровини,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Бр. 07-4961/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007, 88/2008, 52/2009 и 6/10), во членот 3 став (2) точка 1 по зборот: "мастни" се додаваат зборовите: "шкрилци и".

Точката 6 се менува и гласи:

„6) геотермални води од кои се искористува водата за пакување, се искористува акумулираната топлина за енергетски потреби, како и за лековити, балнеолошки или рекреативни цели".

Во точката 7 зборовите: "(изворски води, врела и издански води)" се заменуваат со зборовите: "(минерални води и гас јаглерод диоксид, издански и изворски води и врела)".

Ставот (3) се брише.

Член 2

Во членот 12 став (6) точка 1 зборовите: "членот 9 став (2) на овој закон" се заменуваат со зборовите: "став (2) од овој член".

Член 3

Во членот 19 став (2) точка 7 зборот "дозволата" се заменува со зборот "концесијата".

Член 4

Членот 25 се менува и гласи:

„Член 25

Простор за експлоатација на минерални суровини и исклучоци во примената

(1) Концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува на определен простор дефиниран со координати нанесени на топографската карта, а врз основа на елаборатот за извршените детални геолошки истражувања.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член ископ на минерални суровини кои се употребуваат во занаетчиството за производство на вар и неградежни производи од глина за потребите на грнчарството може да се врши врз основа на Дозвола за ископ на минерални суровини кои се употребуваат во занаетчиството.

(3) Концесијата од ставот (1) на овој член се доделува на земјиште кое е во сопственост на Република Македонија, како и на земјиште кое е во сопственост на други лица.

(4) Експлоатација на минерални суровини се врши на определен простор (во натамошниот текст: експлоатационо поле), дефиниран со главниот или дополнителниот рударски проект за експлоатација на минерални суровини.

(5) Доколку низ концесискиот простор или експлоатационото поле поминуваат инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго), концесионерот не смее да ги уништува и загрозува истите и е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица.

(6) Доколку се работи за изведување на инфраструктурни објекти од јавен интерес (пат, далновод, железнички пруги, водостопански објекти и други објекти од јавен интерес) во концесискиот простор, тие можат да се градат доколку имателот на дозвола за градба во текот на градбата обезбеди услови за непречена и безбедна експлоатација на минералните суровини.

(7) Ископ на минерални суровини, кои се употребуваат во занаетчиството за производство на вар и неградежни производи од глина за потребите на грнчарството, може да се врши врз основа на Дозвола за ископ на минерални суровини кои се употребуваат во занаетчиството.

(8) Дозволата од ставот (7) на овој член се издава на физички лица кои се запишани во регистарот на занаетчии (занаетчија).

(9) Времетраењето на периодот, за кој се издава дозволата за ископ, не може да биде подолго од две години.

(10) Површината на која се издава дозволата за ископ се однесува на земјиште кое е во сопственост на барателот и на земјиште во сопственост на Република Македонија и истата не може да биде поголема од 2.000 м².

(11) Количината на ископани минерални суровини кои се употребуваат во занаетчиството за производство на вар и неградежни производи од глина за потребите на грнчарството за периодот на важење на дозволата не може да биде поголема од 200 тони, за што барателот на дозволата е должен да плати надоместок во износ од 10.000 денари и истите се приход на Буџетот на Република Македонија.

(12) Дозволата за ископ на минерални суровини кои се употребуваат во занаетчиството ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(13) Барањето за издавање на дозвола содржи:

1) податоци за барателот и

2) геодетски елаборат со вцртани граници на површината за која се бара издавање на дозвола заедно со имотен лист.

(14) Примерок од дозволата за ископ се доставува до Државниот инспекторат за техничка инспекција, до Министерството за внатрешни работи, до Управата за јавни приходи и до Државниот пазарен инспекторат."

Член 5

Во членот 26 став (1) зборовите: "до исцрпување на минералните суровини за која и е доделена концесијата" се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Постапката за продолжување на концесијата за експлоатација се спроведува согласно со членот 29 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009 и 6/10)."

Ставот (3) станува став (4).

Член 6

Во членот 28 ставот (4) се брише.

Член 7

Во членот 29 став (5) точката 5 се брише.

Ставот (7) се менува и гласи:

„По доставување на барањето органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини врши увид на самото место и по службена должност бара мислења од единицата на локалната самоуправа и од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водостопанството, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област."

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа од ставот (7) на овој член се должни своето мислење да го дадат во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на барањето за давање на мислење. Во спротивно ќе се смета дека имаат дадено позитивно мислење во врска со барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини."

Ставот (8) станува став (9).

Член 8

Во членот 34 по ставот (5) се додаваат два нови ставови (6) и (7), кои гласат:

„(6) За преносот на концесијата концедентот и концесионерот склучуваат договор за пренос на концесијата.

(7) Преносот на удели или акции кај концесионерот на кој му е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото, не може да се изврши без претходна писмена согласност на концедентот."

Член 9

Во членот 35 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во случаите на престанок на важење на концесијата од ставот (1) на овој член престануваат да важат сите дозволи, решенија и одобренија".

Член 10

Во членот 39 ставот (5) се брише.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (5) и (6).

Член 11

Во членот 46 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3). Жалбата од став (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението."

Член 12

Во членот 48 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случај на престанок на важење или одземање на дозволата за експлоатација од членот 41 на овој закон, престанува да важи и дозволата за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект."

Член 13

Во членот 50 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За издавање на овластувањето од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во износ од 3.000 денари, кој е приход на Буџетот на Република Македонија."

Член 14

Во членот 53 по ставот (3) се додаваат пет нови става (4), (5), (6), (7) и (8), кои гласат:

„(4) За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит пред испитна комисија која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(5) На членовите на комисијата од ставот (4) на овој член кои не се државни службеници им следува надоместок, чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата.

(6) За издавањето на лиценцата од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во износ од 3.000 денари, кој е приход на Буџетот на Република Македонија.

(7) Лицата кои вршат одделни работи на геолошки истражувања и на изведување на рударски работи, односно експлоатација на минерални суровини од членот 57 ставови (2) точки 1, 2 и (3) точка 1 на овој закон и кои имаат работно искуство од најмалку десет години се ослободени од полагање стручни испити за добивање на лиценца за техничко водење и надзор.

(8) Лицата од ставот (7) на овој член ќе се здобијат со лиценци за техничко водење и надзор со приложување на соодветен доказ за поседување на соодветно работно искуство."

Член 15

Во членот 55 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) На членовите на комисијата од ставот (2) на овој член на надворешните членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа им следува надоместок, чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата."

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 16

Во насловот на Делот IV по зборот "ДОКУМЕНТАЦИЈА" се става запирка и се додаваат зборовите: "И РУДАРСКИ ПРОЕКТИ".

Член 17

Во членот 56 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 18

Во членот 58 по ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит пред испитна комисија која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(5) На членовите на комисијата од ставот (4) на овој член на надворешните членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа им следува надоместок, чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата.

(6) За издавањето на лиценцата од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во износ од 5.000 денари, кој е приход на Буџетот на Република Македонија."

Член 19

Во членот 59 ставот (2) се менува и гласи:

„Лицето кое изработува рударски проекти од ставот (1) на овој член, мора да поседува лиценца за изработка на рударски проекти."

По ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) За добивање на лиценцата од ставот (2) на овој член се полага стручен испит пред испитна комисија која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(5) На членовите на комисијата од ставот (4) на овој член на надворешните членови - експерти кои не се вработени во органите на државната управа им следува надоместок, чија висина ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во зависност од реално потребните трошоци за работа на членовите на комисијата.

(6) За издавањето на лиценцата од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок во износ од 5.000 денари, кој е приход на Буџетот на Република Македонија."

Член 20

Во членот 60 став (2) зборовите: "точка 1 и 3" се заменуваат со зборовите: "точка 3".

Ставовите (4), (5) и (6) се менуваат и гласат:

„(4) Стручната оцена (ревизија) на геолошката документација од ставот (1) на овој член ја врши Комисијата за ревизија на геолошка документација која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. За членови на оваа комисија може да бидат именувани лица од редот на стручни и научни работници од областа на геологијата.

(5) Стручната оцена (ревизија) на рударските проекти од ставот (1) на овој член ја врши Комисијата за ревизија на рударските проекти која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. За членови на оваа комисија може да бидат именувани лица од редот на стручни и научни работници од областа на рударството.

(6) Комисиите од ставовите (4) и (5) на овој член се состојат од претседател, најмалку двајца членови и секретар. На претседателот, членовите и секретарот за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручната оцена (ревизија)."

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник со кој се утврдува висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација и рударските проекти.

(8) Барање за вршење на стручната оцена (ревизија) поднесува имателот на концесијата за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини."

Член 21

Во член 61 ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(1) За извршената стручна оцена (ревизија), комисиите од членот 60 ставови (4) и (5) на овој закон издаваат ревизиска клаузула и изготвуваат ревизиски извештај, со кој потврдуваат дека геолошката документација и рударските проекти се изработени согласно со овој и друг закон.

(2) Ревизиската клаузула и ревизискиот извештај го потпишуваат претседателот и членовите на комисиите.

(3) Начинот на вршење на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација и рударските проекти ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини."

Член 22

Во членот 70 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Концесионерот што врши експлоатација на минерални суровини е одговорен за управувањето, одржувањето и заштитата на одлагалиштата и хидројаловиштата кои што се создаваат при минералната технологија на експлоатација на минералните суровини без оглед на просторот и површината на која се наоѓаат.

(4) Експлоатацијата на минералните суровини кои се наоѓаат во одлагалиштата и хидројаловиштата од ставот (3) на овој член може да се врши на начин и под услови утврдени со закон."

Член 23

Членот 74-е се менува и гласи:

„(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за електрика во рударството утврди дека е сторена неправилност од членот 77 став (1) на овој закон државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за електрика во рударството е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно органот којшто го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за електрика во рударството при спроведувањето на инспекцискиот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за електрика во рударството при спроведувањето на инспекцискиот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(9) Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно органот којшто го извршил инспекцискиот надзор и којшто ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини..

(10) Министерството за економија - Државниот инспекторат за техничка инспекција за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на интернет страницата на министерството на унифициран квартален преглед."

Член 24

Во членот 75 став (1) точката 11 се менува и гласи:

„11) врши експлоатација на минералните суровини кои се наоѓаат во одлагалиштата и хидројаловиштата (член 70 став (4));".

По точката 21 се додава нова точка 22, која гласи:

„22) не ги одржува, управува и заштитува одлагалиштата и хидројаловиштата кои што се создаваат при минералната технологија на експлоатација на минералните суровини (член 70 став (3))."

Член 25

Во членот 77 став (1) зборовите: "до 4.000" се бришат.

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите: "и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до пет години" се бришат.

Ставот (4) станува став (3).

Член 26

Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација и одобрение за експлоатација по дополнителен рударски проект до денот на влегувањето во сила на Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99) или не поднеле барање за издавање на дозвола за експлоатација се должни да поднесат барање за издавање на дозвола за експлоатација во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Доколку концесионерите во рокот од ставот (1) на овој член не поднесат барање за издавање на дозвола за експлоатација, договорите за концесија престануваат да важат.

Член 27

Издадените одобренија за експлоатација согласно со Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002) ќе се сметаат како дозволи за експлоатација и важат до истекот на рокот до којшто и се издадени.

Член 28

Договорите за концесија кои се склучени согласно со Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002) ќе се усогласат со одредбите од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009 и 6/10) до 31 март 2011 година.

Доколку концесионерите не ги усогласат договорите за концесија согласно со ставот (1) од овој член, концедентот ќе донесе одлука за престанок на важење на концесиите врз основа на која ќе се раскинат договорите за концесија.

Член 29

Започнатите постапки за издавање на лиценца и овластување за техничко водење и надзор над изведувањето на рударските работи и лиценци и овластувања за изработка на геолошка документација и рударски проекти до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 30

Субјектите кои управуваат со бањите и производителите на пакувана вода, газирани и негазирани пијалаци кои вршат експлоатација на термоминерални и подземни води се должни согласно со одредбите од овој закон да започнат постапка за добивање на концесија за експлоатација до 31 март 2011 година.

Концесијата за експлоатација на субјектите од ставот (1) на овој член се доделува врз основа на барање согласно со членот 29 од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008, 52/2009 и 6/10).

Член 31

Лицата кои имаат положено стручен испит за самостојно вршење на работите од областа на геологијата и рударството до денот на влегување во сила на Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99), ќе се заменат со лиценци и овластувања во согласност со овој закон, најдоцна до 30 јуни 2011 година.

Член 32

Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација врз основа на Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99 и 29/2002) се должни да ги решат имотноправните односи во делот на земјиштето каде што вршат експлоатација на минералните суровини на начин и под услови утврдени со закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Доколку концесионерите не ги решат имотноправните односи во рокот од ставот (1) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини ќе ја укине дозволата за експлоатација.

Член 33

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## LIGJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR LENDE TË PARA MINERALE

Neni 1

Në Ligjin për lende të para minerale ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 24/2007, 88/2008, 52/2009 dhe 6/10), në nenin 3 paragrafi (2) pika 1 para fjaleve: "të yndyrshme" shtohen fjalet: "rrasa dhe".

Pika 6 ndryshohet si vijon:

"6) ujera gjeotermale prej të cilave shfrytezohet uji për paketim, shfrytezohet nxehtesia e akumuluar për nevoja energjetike, si dhe për qellime mjekuese, balneologjike ose rekreative".

Në piken 7 fjalet: "(ujera të burimeve, gurrave dhe krojeve)" zevendesohen me fjalet: "(ujera minerale dhe gazi dioksidi i karbonit, ujera të krojeve, burimeve dhe gurrave)".

Paragrafi (3) shlyhet.

Neni 2

Në nenin 12 paragrafi (6) pika 1 fjalet: "neni 9 paragrafi (2) të ketij ligji" zevendesohen me fjalet: "paragrafi (2) i ketij neni".

Neni 3

Në nenin 19 paragrafi (2) pika 7 fjala "leje" zevendesohet me fjalen "koncesion".

Neni 4

Neni 25 ndryshohet si vijon:

"Neni 25

Hapesira për eksploatimin e lendeve të para minerale dhe perjashtime në zbatim

(1) Koncesioni për eksploatimin e lendeve të para minerale ndahet për hapesire të percaktuar me koordinata të shenuara në harten topografike, në baze të elaboratit për hulumtimet e kryera të detajuara gjeologjike.

(2) Me perjashtim nga paragrafi (1) i ketij neni, germimi i lendeve të para minerale që perdoren në zejtari për prodhimin e gelqeres dhe prodhimeve jondertimore të argjilit për nevojat e pocarise, mund të kryhet në baze të Lejes për germimin e lendeve të para minerale që perdoren në zejtari.

(3) Koncesioni nga paragrafi (1) i ketij neni ndahet për toke e cila eshte në pronesi të Republikes së Maqedonise, si dhe për toke e cila eshte në pronesi të personave tjere.

(4) Eksploatimi i lendeve të para minerale kryhet në hapesire të percaktuar (në tekstin e metejme: fusha e eksploatimit), i definuar me projektin xehetar kryesor ose plotesues për eksploatimin e lendeve të para minerale.

(5) Nese neper hapesiren e koncesionit apo fushen e eksploatimit kalojne objekte infrastrukturore (rruge, largpercues etj.), koncesionari nuk guxon t'i shkaterroje dhe rrezikoje ato dhe eshte i obliguar që ta mundesoje shfrytezimin e tyre nga ana e personave tjere.

(6) Nese behet fjale për ndertim të objekteve infrastrukturore me interes publik (rruge, largpercues, hekurudha, objekte ujesjellesi dhe objekte tjera me interes publik) në hapesiren e koncesionit, ato mund të ndertohen nese poseduesi i lejes për ndertim gjate ndertimit siguron kushte për eksploatim të papenguar dhe të sigurt të lendeve të para minerale.

(7) Germimi i lendeve të para minerale që perdoren në zejtari për prodhimin e gelqeres dhe prodhimeve jondertimore të argjilit për nevojat e pocarise, mund të kryhet në baze të Lejes për germim të lendeve të para minerale që perdoren në zejtari.

(8) Leja nga paragrafi (7) i ketij neni u leshohet personave fizike që jane të regjistruar në regjistrin e zejtareve (zejtar).

(9) Kohezgjatja e periudhes për të cilen leshohet leja për germim nuk mund më të jete më shume se dy vjet.

(10) Hapesira për të cilen leshohet leja për germim ka të beje për toke e cila eshte në pronesi të kerkuesit dhe për toke në pronesi të Republikes së Maqedonise dhe e njejta nuk mund të jete më e madhe se 2000 m².

(11) Sasia e lendeve të para minerale që perdoren në zejtari për prodhimin e gelqeres dhe prodhimeve jondertimore të argjilit për nevojat e pocarise për periudhen e vlefshmerise së lejes nuk mund të jete më e madhe se 200 tone, për cfare kerkuesi i lejes eshte i obliguar që të paguaje kompensim në shume prej 10 000 denaresh dhe të njejtat jane të hyra në Buxhetin e Republikes së Maqedonise.

(12) Lejen për germim të lendeve të para minerale që perdoren në zejtari, e leshon ministri i cili udheheq me organin e administrates shteterore kompetent për kryerjen e puneve nga sfera e lendeve të para minerale.

(13) Kerkesa për leshimin e lejes permban:

1) të dhena për kerkuesin dhe

2) elaborat gjeodezik me kufij të percaktuar të hapesires për të cilen kerkohet leshim i lejes bashke me aktzoterimin.

(14) Ekzemplari i lejes për germim dorezohet në Inspektoratin Shteteror për Inspektim Teknik, Ministrine e Puneve të Brendshme, Drejtorine e të Hyrave Publike dhe Inpektoratin Shteteror të Tregut."

Neni 5

Në nenin 26 paragrafi (1) fjalet: "deri në shterjen e lendeve të para minerale për të cilat i eshte ndare koncesioni" shlyhen.